# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.147 од 27.08.2015 година**

### Член 1

Во Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија" број 79/13), во членот 36 став (1) зборовите „5.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице."

Во ставот (3) зборовите: „од 1.000 до 2.000" се заменуваат со зборовите: „од 600 до 900".

### Член 2

По член 36 се додава нов член 36-а кој гласи

### „Член 36-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците."

### Член 3

Се овластува Законодавно - правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита од вознемирување на работно место.

### Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".